ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Крива Паланка 21.06.2023 год.

**ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАН СОСТАНОК НА ШТАБОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

Состанокот се одржа на ден 21.06.2023 година во 8:00 часот во Голема Сала на Општина Крива Паланка, а истиот беше свикан на иницијатива на Командантот на Штабот Изабела Павловска.

На состанокот беа присутни:

- Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**
- Командантот на Штабот **Изабела Павловска**
- Секретар на Општина Крива Паланка **Мартин Николовски**
- Командирот на ТППЕ Крива Паланка **Иле Коцевски**
- Раководител подрачно одделение на центар за управување со кризи Општина Крива Паланка **Стојадин Гоговски**
- Раководител на одделение за општи и правни работи во Општина Крива Паланка **Даниела Велковска**
- Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура во Општина Крива Паланка **Никола Граматиков**
- Раководител на одделение за човечки ресурси во Општина Крива Паланка **Игор Додевски**
- Соработник во одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура во Општина Крива Паланка **Марјан Алексовски**

На состанокот беа присутни и лица кои не се членови на Кризниот штаб поради сериозноста од на настанатата состојба од обилните врнежи затоа штабот работеше во проширен состав.

На состанокот се дискутираше по следниве точки

1. **Согледување и сумирање на преземените мерки по заклучоците донесени на состанокот на Општинскиот Кризен штаб одржан на 20.06.2023год.**
2. **Донесување на соодветни Заклучоци и препораки;**
3. **Разно;**

По согледување на актуелната состојба од обилните врнежи како и запознавање со ситуацијата на терени и преземените мерки за справување со свлечишта на територијата на Општина Крива Паланка од сите институции кои имаа добиено задолженија за постапување од претходниот состано на штабот се започна со дискусија за преземени активности и работата на терен со соодветната механизација со која во моментот се располага.На состанокот беше кажано дека во моментот се продолжува со работа на истите локации бидејќи има големи оштетување на селските патишта и не може да се заврши за толку кратко време, но треба да се продолжи со работа и во наредниот период до нивно целосно санирање и враќање во нормална функција.

По исцрпената дискусија и дадените согледувања од терен и предлози од страна на членовите на Штабот и другите присутни лица беше донесен план за работа на градежната механизација:

1. Една машина Булдозер на ЈП Македонија пат да почне да работи на патните правци
- с.Длабочица
- с.Баштево
- с.Габар и
- с.Осиче
- Овие патни правци се со вкупна должина околу 15-20км.

2. Со механизација на ЈП Македонија пат (Грејдер) ќе се работи во атар на село
- с.Конопница
- с.Мождивњак и
- с.Мартиница
3. Дине – трејд ќе работи со еден Булдизер 240-ка на патот во Црвена нива
4. Булдозер (од АРМ на РСМ) се очекува да работи во атар на селата
- с.Дубровница
- с.Киселица
- с.Црцорија и др.
5. Приоритети за работа во моментот се дадени да се работи на повеќе локации:
- ЈП Комуналец со скипт да работи на санирање на патот во с.Киселица
- Лабино трејд да работи на речното корито кај Зелен пазар
- Дине трејд продолжува да работи на патот Црвена нива
- ЈП Македонија пат со градежна машина Грејдет да почне со работа на место викано Спас с.Конопница
- ЈП Македонија пат со градежна машина Булдизер да почне со работа во с.Длабочица
6. Општинските служби да изготват информација за приоритети за кои сметат де се нај критични и да се достави до Влада на РС Македонија.

Состанокот заврши во 9.30часот.

**Крива Паланка 21.06.2023 година**

**ОПШТИНСКИ ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ КРИВА ПАЛАНКА**
**Командант**
**Изабела Павловска, с.р.**